# Коментар на неревидиран консолидиран Биланс на успех на Комерцијална банка АД Скопје за периодот 01.01- 30.06.2014 година

Согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи од НБРМ, за групата на правни субјекти што се под контрола на матична банка се изработуваат консолидирани финансиски извештаи.

Консолидираниот неревидиран биланс на успех на Банката за периодот 01.01-30.06.2014 година се состои од билансот на успех на Комерцијална банка АД Скопје, билансот на успех на подружницата КБ Публикум инвест АД Скопје – Друштво за управување со инвестициони фондови и билансот на успех на придруженото друштво КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, претставени како биланс на успех на едно правно лице.

Во периодот 01.01-30.06.2014 година, групата на консолидирана основа има остварено негативен финансиски резултат во износ од 114,8 милиони денари, наспроти остварениот негативен финансиски резултат во износ од 388,1 милион денари во истиот период од минатата година.